ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**АПРИЛ 2017**




## Иницијатива за нов проект со меѓународната агенција JICA



**Центарот за управување со кризи и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија - JICA, на 20 април потпишаа заеднички документ кој претставува основа за идна меѓусебна соработка преку Проект за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина (ECO Disaster Risk Reduction). Со денешното потпишување практично се обезбедува основа за продолжување на успешната соработката помеѓу Центарот и JICA, која започна во 2011 година преку проектот за Воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари.** **(стр. 3)**

## Работилница во рамките на ИПА ДРАМ Проектот



На 06.04.2017 година, во хотел Континентал, Скопје, се одржува работилница во рамките на ИПА ДРАМ Проектот за "Процена и мапирање на ризици од катастрофи" (Disaster Risk Assessment and Mapping).

Општата цел на овој проект е насочена кон подобрување на ефективноста и кохерентноста на националните системи за управување со ризици од катастрофи, во сегментот на собирање на податоци за загуби од катастрофи, процена и мапирање на ризиците кои можат да предизвикаат катастрофи, како и усогласување и интегрирање на националните политики на земјите кои учествуваат во овој проект со политиките на ЕУ од оваа област, како што е Механизмот на Цивилната заштита на Унијата. Крајната цел која треба да се постигне со овој проект е да се изградат капацитети за целосна имплементација на "ЕУ Насоките за процена и мапирање на ризици" и изработка на Процена за загрозувањата од сите ризици (All Risk Approach), како обврзувачки стандард за земјите членки и за земјите кандидати за членство во Унијата.

На почетокот од оваа работилница, свое обраќање имаше директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку кој изрази голема благодарност до конзорциумот на проектот, кој е составен од претставници на сродните институции од Шведска, Италија, Словенија и Хрватска, за вклучувањето на Република Македонија во активностите кои ги предвидува овој проект.



Исто така, тој искажа уверување дека повеќекорисничкиот карактер на проектот ќе придонесе за зајакнување на компатибилноста и интероперабилноста на земјите од регионот кои се дел од овој проект, како: Албанија, БиХ, Косово, Ц. Гора, Србија и Турција, а потенцираше и дека Центарот за управување со кризи, како партнер во имплементацијата на овој Проект, максимално ќе го вложи сиот свој капацитет, со цел да да се обезбеди соодветна координација во имплементацијата на предвидените национални и регионални активности.

## Прв работен состанок за градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа



На ден 18.04.2017 година во Хотел Сириус - Струмица во организација на Центарот за развој на Југоисточниот Плански регион се одржа прв работен состанок за размена на искуства на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа".

Овој проект е заеднички со проектот на Европската Унија и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), финансиран од Програмата за цивилна заштита и хуманитарна помош (DG ECHO) во земјите од Југоисточна Европа. Целта на овој состанок беше да се претстави проектот и искуствата на Хрватска во намалувањето на ризикотод природни катастрофи преку Платформата на хрватските жупании и градови.

На состанокот освен хрватските експерти присуствуваа претсавници од, Државните Агенции од системот за управување со намалување на ризици од катастрофи ЦУК и ДЗС на локално и регионално ниво, претставници од локалните самоуправи од регионот, претсавник од Црвен крст Струмица, претставници од УНДП и Југоисточен Плански регион како и останати заинтересирани страни и тела кои работат на проблематиката за намалување на ризикотод катастрофи.

# Иницијатива за нов проект со меѓународната агенција JICA

**Центарот за управување со кризи и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија - JICA, на 20 април потпишаа заеднички документ кој претставува основа за идна меѓусебна соработка преку Проект за намалување на ризици од катастрофи во обласга на животната средина (ECO Disaster Risk Reduction). Со денешното потпишување практично се обезбедува основа за продолжување на успешната соработката помеѓу Центарот и JICA, која започна во 2011 година преку проектот за Воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари.**



**Основната цел на оваа проектна иницијатива е да се развие модел на Екосистемски-базирано намалување на Ризиците од Катастрофи (Eco-system based Disaster Risk Reduction - Eco-DRR) во Република Македонија против поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумски пожари преку користење на повеќекорисничката функција на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна функција. Денешното потпишување на иницијалниот документ овозможува во наредниот период од страна на JICA да се пристапи кон подетална анализа и верификација на предложените проектни активности, со цел нивно прифаќање и кон крајот на оваа година започнување со имплементација на проектот. Како основа за утврдување на потребата од ваква проектна интервенција, претставуваа анализите на зачестените ризици од катастрофи, кои во последните години предизвикаа загуби на човечки животи, оштетувања на материјални добра, како и голем степен на деградација на животната средина (екологијата). Покрај другото, причините за овие катастрофи се поврзани со недоволна искористенот на заштитните функции на екосистемот, пред се на шумите, кои во подолг период се изложени на загуби, предизвикани од шумски пожари, неконтролирани активности на човекот, загаденоста на животната средина и слично.**





**Во процесот на имплементација на проектините актвиности се предвидува широка меѓусекторска соработка и вклученост на повеќе субјекти, како што се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП Македонски шуми, Министерството за животна средина и просторно планирање, Високо-научни установи, Единици на локалната самоуправа, локлната заедница и други.**



**Во рамките на овој проект ќе бидат спроведени конкретни мерки за зајакнување на екосистемот на повеќе локации во Р. Македонија, со крајна цел да се зголеми нивната отпорност на ризиците од катастрофи поврзани со поројни поплави, лизгање на земјиште, ерозија на почви и пожари на отворен простор. Проектот ќе овозможи присуство и соработка со експерти од Јапонија од наведените области, со што ќе се обезбедат основи за трансфер на знаења и искуства од земја која е лидер во светот во оваа област, преку системски мерки за јакнење на отпорноста и намалување на ранливоста и изложеноста на ризици од катастрофи.**

## 61 седница на ГШ за актуелната бегалска криза во Република Македонија



На 12 април 2017 година, во Центарот за управување со кризи, Главниот штаб ја одржа шеесет и првата седница посветена на актуелната бегалска криза во Република Македонија. На состанокот, освен членовите на Главниот штаб присуствуваа раководителот на РЦУК – Куманово, Горан Стојановски, претставникот на Град Скопје од Секторот за заштита на животната средина, Никола Јовановски, претставникот и поранешен управител во АД ОХИС, Сандра Киселичка како и претставничките на МЖСПП, Линдита Дика и Сузана Андонова. Директорот на Центарот за управување со кризи, Агрон Буџаку, ја отвори и водеше седницата.

По усвојувањето на записникот од минатата седница ги презентираше планираните точки на дневниот ред и беа разгледани досегашните активности на институциите, што се дел од Системот за управување со кризи, како и предлог мерките што треба да се преземат во наредниот период.

На состанокот се донесоа следните заклучоци:

1. Заради проблемите со недоволната координација на субјектите во Кумановскиот регион, институциите во Системот за управување со кризи како и невладините, хуманитарните и меѓународните организации своите активности на терен да ги координираат со Главните координатори на подрачјето во РМ каде е прогласена кризна состојба.
2. Институциите во Системот за управување со кризи во соработка со Главните координатори да изработат преглед на материјално техничките средства кои се обезбедени од страна на меѓународните, невладините и хуманитарните организации по пат на донација.
3. НВО Легис да достави дополнителни податоци за заинтересираните лица за изучување странски јазици во ТЦ, како и податоци за усогласеноста на програмата со Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.
4. Главниот координатор во Гевгелискиот регион да превземе мерки за обезбедување на поддршка од меѓународните, невладините и хуманитарните организации за поправка на металната врата на самиот граничен премин на железничката пруга.

## Одржана 36 седница на РШ на РЦУК Кичево



На 25.04.2016 година се одржа 36 седница на Регионалниот штаб за управување со кризи Кичево. Покрај членовите на РШ на седницата присуствуваа и претставници од касарната Чеде Филипоски Даме-Кичево, ТППЕ Кичево, ЈП МШ подружница ШС Лопушник Кичево, МЗШВ ПЕ Кичево и ЈП за пасишта.

Раководителот на РШ Сузана Тасевска ги извести присутните дека седницата се одржува со цел превентивно делување, рано предупредување, справување и спречување на појавата на шумски пожари и пожари на отворен простор.

Во првата точка од дневниот ред реферираа преставниците од ШС Лопушник и ТППЕ Кичево преку анализа на претходно случени пожари и превземените мерки од нивна страна. Во рамките на втората точка се разви дискусија во која учествуваа членовите на РШ предлагајќи конструктивни идеи за намалување на ризикот од пожари на отворен простор и шумски пожари.

Како резултат на дискусиите се донесоа следните заклучоци:

1. Да се достави апел до медиумите за заштита на шумите од пожари
2. Одржување координативни состаноци во потесен состав заради договорање превентивни активности во наредниот период

**Интервју со директорот на ЦУК м-р Агрон Буџаку за Радио Слободна Европа**




## Буџаку – Спремни сме и за нов бегалски бран

**Ние сме декларирани како транзитна земја, ние не примаме бегалци како Германија или Шведска, затоа што на крајот на краиштата нивна цел е да стигнат до Германија. Сепак, спремни сме и да има нов бегалски бран, вели директорот на Центарот за управување со кризи, Агрон Буџаку, во неделното интервју на Радио Слободна Европа.**

**Господине Буџаку, изминатиов период бевме сведоци на неколку поголеми пожари низ Македонија, иако температурите не беа многу високи. Со оглед на тоа што допрва доаѓа летото, се зголемува опасноста од појава на нови пожари. Дали Центарот за управување со кризи има капацитет да се соочи со такви предизвици?**

Како ЦУК имаме одредена значајна улога во системот на превенција и рано предупредување. Што се однесува до пожарите, тие или се предизвикани од човечкиот фактор или од природни непогоди. Во овој случај се работи за еден период во кој имавме сушен период или сува трева, а луѓето кај нас, традиционално ова време, при подготовките за нови насади, а имајќи ја предвид нашата ниска свест, се палат посевите од минатата година и тоа предизвикува пожари. Нашиот систем, на Центарот за управување со кризи, е да ги спречи, да ги предупреди сите значајни актери во ова. За ова имавме голема помош од системот, кој е веб базиран, во кој имаат пристап и граѓаните коишто ги лоцираат сите места каде што може да дојде до пожар и моменталните услови што се однесува до климата, количината на врнежи итн, што влијае на опасноста од самите пожари и опасноста од избивање пожари. Тој систем кај нас е воспоставен од 2011 до 2014 година, со поддршка на Јапонската агенција за меѓународна помош. Ние неодамна имавме и работилница со земјите од регионот, каде што на колегите од неколку земји од регионот им ги пренесовме нашите знаења. Мислам дека што се однесува до нашето системско уредување, сме отишле напред, само треба повеќе да работиме и тука ги повикувам и медиумите и за подигнување на свеста на граѓаните, особено сега, кога сме на прагот на летото, кога секоја година неминовно имаме пожари.

**Каква е координацијата со другите институции кога се случуваат такви природни непогоди? Ве прашувам и за соработка со владата и за соработка со локалната самоуправа, која е особено важна кога ќе се случат таквите пожари. Очекувате ли да се јават некакви проблеми со оглед на тоа што одложувањето на локалните избори е извесно, па со тоа и мандатот на градоначалниците веројатно ќе истече. Дали очекувате тука да има некакви проблеми во однос на заедничката соработка?**

Ние имаме мандат, според закон, да координираме со сите активности и со сите институции на системот, таканаречен Систем за управување со кризи со цел заштита на здравјето, имотот и добробитта на граѓаните. Јас при крај на октомври минатата година повторно станав директор на Центарот и бев прилично разочаран од еволуцијата на центарот, кој јас сметам дека е многу значајно тело, кое ги координира сите актери на централно и на локално ниво за справување со кризи и заштита на здравјето и добробитта на граѓаните. Верувале или не, кога во 2005 година бев директор, буџетот беше 170 милиони денари, а сега е 140 милиони денари. Тоа, со инфлацијата, е половина буџет, а 90 отсто од тоа оди на плати. Ние практично имаме многу важна задача, но системот или владата во овие години не финансираат доволно. Што се однесува до локалните власти, веќе имаме воспоставено такви односи во овие 12 години, какви што треба да имаме. Јас давам пример со Белгија, каде што година и половина немаше влада, а се функционираше, зашто тоа е правна држава, додека тука за жал се зависи од политиката и сите очи се вперени во политичарите. Сепак оваа институција функционира и јас се обидов што помалку да има влијание на министрите, на владата во нешто што е наша надлежност, затоа што секој дуализам само ја комплицира ситуацијата, а во ваква институција тоа е многу опасна работа и може само да ја усложни ситуацијата во случај на елементарна непогода.

**Господине Буџаку, Европа стравува од нов бегалско-мигрантски бран. Тоа подразбира дека и Македонија повторно ќе биде вовлечена, тука се јавуваат стравувања дека и ние повторно ќе се соочиме со таков бран. Дали овој пат, со оглед на искуството што го имавме претходно, сме поподготвени да одговориме на еден таков предизвик?**

Ние имаме координација, како што реков, главниот штаб со Табановце и Гевгелија, со транзитните кампови. Ние сме декларирани како транзитна земја, ние не примаме бегалци како Германија или Шведска, затоа што на крајот на краиштата нивна цел е да стигнат до Германија, но во овој случај, проблемите што може да настанат, може да настанат од наплив на голем број луѓе, може да се смета и како безбедносен проблем здравствен систем, луѓе може да се разболат, имаат друг имунолошки систем, може за жал да се инфилтрираат, и таа опасност ја имаме предвид, разни терористи или организации. Така што, ние сме спремни и со помош на меѓународната заедница, пред сè ОН, УНДП, УНХЦР и со големо залагање, што е за секоја пофалба, од невладините организации што се присутни и им помагаат на бегалците. Ние се справивме, се справуваме и се надевам дека и во иднина ќе се справиме и во случај на помасовен егзодус на бегалците.
(извор:https:/ /www.slobodnaevropa.mk/a/28446307.html )

## ПРОГРАМА ЗА ЦИВИЛНО-ВОЕНА ПОДГОТВЕНОСТ
## ВО ИТНИ СОСТОЈБИ СМЕР



**Присуство на преставници на ЦУК на ЦМЕП работилница – Подготвување вежби на национално ниво**

**25 – 27.04.2017, СКОПЈЕ**


**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**
**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102**
**веб: www.cuk.gov.mk**
**e-mail. mail@cuk.gov.mk**